Пошумување на голини и ерозивни земјишта во државна сопственост од точка 1 потточка 1.1 од табелата, ќе се врши првенствено на локации со поголеми површини и кои се во состав или во непосредна близина на постоечките шуми, а пошумување на голини и ерозивни земјишта со садници од точка 1 потточка 1.2 од табелата, ќе се врши на локации кои се поголеми од 0,50 ха.

Отстранување на последиците од шумски пожари од точка 2 од табелата, ќе се врши на површина над 50 ха во рамките на една шумско стопанска единица преку вештачка обнова со пошумување со садници.

За реализација на мерките од точките 1 и 2 од табелата, извршителите на работите доставуваат до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за секоја работа посебна оперативно - стручна програма, во која се наведуваат основните податоци за локалитетот и подетални податоци за обемот и видот на работата, техниката, времето на реализација на работите и други важни податоци.

Превентивна заштита на шумите и шумските култури од растителни болести и штетници од точка 3 од табелата, ќе се врши со превентивна заштита на шумите и шумските култури од потенцијални штетници кои можат да загрозат поголеми шумски простори, организирана преку Извештајно дијагнозно прогнозната служба (ИДП служба) за шумите во Република Северна Македонија. Шумарскиот факултет-Скопје до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ќе достави Извештај за здравствената состојба на шумите во Република Северна Македонија за 2022 година, со предлог мерки за понатамошно делување.

IV

Исплата на средствата за реализација на работите од дел III, ќе се врши врз основа на склучени договори помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и извршителите на работите и врз основа на документација за извршени работи.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на извршителите на работите од точка 3 од табелата, за вршење на теренски увиди на локалитети на цела територија на Република Северна Македонија за следење на здравствената состојба на шумите и шумските култури од болести и штетници, ќе им исплати аванс во висина од 30% од утврдената сума, по потпишување на договорите.

Во случај на неисполнување на активностите за кои авансно се исплатуваат средствата, извршителот на работите добиените средства ги враќа во Буџетот на Република Северна Македонија на начин утврден во договорот.

V

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-2072/1
8 март 2022 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.

___________

**670.**

Врз основа на член 15 став (2) од Законот за хидрометеоролошка дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08, 53/11, 51/15 и 149/15), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 март 2022 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА РАБОТИ ОД ОБЛАСТА НА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКАТА ДЕЈНОСТ ВО 2022 ГОДИНА

I

Средствата за реализација на оваа програма во 2022 година во износ од 95.310.000,00 денари, обезбедени со Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 287/21), раздел 14003-Управа за хидрометеоролошки работи (во натамошниот текст: УХМР) ќе се користат за следните намени:

| Ред. бр. | Назив на програмски активности | Износ на средства |
|---|---|---|
| 1. | Програмски активности од областа на администрација | 86.000.000,00 |
| 2. | Програмски активности од областа на хидрометеоролошки работи | 9.310.000,00 |
| | **Вкупно:** | 95.310.000,00 |

II

Средствата од Дел I точка 1 од оваа програма во износ од 86.000.000,00 денари ќе се користат за следните намени:

| Ред. бр. | Опис на активности | Износ на средства |
|---|---|---|
| 1. | Активности за обезбедување на услови од правен, финансиски аспект, меѓународна соработка и активности од областа на човечки ресурси и внатрешна ревизија за реализација на другите програми во УХМР. | 86.000.000,00 |

Средствата од Дел I точка 2 од оваа програма во износ од 9.310.000,00 денари ќе се користат за следните намени: